Градоначалник на Општина Свети Николе
тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911
e-mail: info@svetinikole.gov.mk
www.svetinikole.gov.mk

РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
-ГРАДОНАЧАЛНИК-
Бр. 13/23-04
28.11.2023 год.

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани граѓани и даночни обврзници,

Општина Свети Николе Ве известува дека секој даночен обврзник има обврска да поднесе даночна пријава заклучно со 31 јануари 2024 година за да го пријави имотот кој не бил пријавен со цел утврдување на данокот на имот.

Секое физичко или правно лице кое е сопственик или користи недвижен имот станува обврзник на данок на имот.

Даночната обврска настанува со денот на стекнување на имотот или од денот на отпочнување на користење н имотот.

Исто така, за секоја настаната промена во недвижниот имот односно во податоците содржани во претходната пријава кои се од значително влијание на висината на даночната обврска, обврзникот е должен да поднесе нова даночна пријава во рок од 15 дена од настанувањето на промената.

Даночната пријава се поднесува во канцеларијата за едношалтерско работење при Општина Свети Николе, секој работен ден од 7.30 часот до 15.30 часот.

Изработил Надица Тодорова
Контролирал Светлана Михаиловска
Одобрил Кирил Макаровски

Општина Свети Николе
ГРАДОНАЧАЛНИК

Дејан Владев

РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Бр. 0903-60/91
28.11.2023 год.

**Градоначалник на Општина Свети Николе**
тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911
e-mail: info@svetinikole.gov.mk
www.svetinikole.gov.mk

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

**Почитувани граѓани и даночни обврзници,**

**Општина Свети Николе Ве известува дека крајниот рок за плаќање на неплатени обврски по основ на данок на имот е 30.11.2023 година.**

**Секој даночен обврзник треба да го плати во пропишаниот рок данокот на имот кој го должи.**

**Наплата на вкупниот пристигнат а неплатен долг кој обврзникот доброволно не го платил во пропишаниот рок, ќе се изврши со постапка присилна наплата која што веќе е започната.**

**Изработил Надица Тодорова**
**Контролирал Светлана Михаиловска**
**Одобрил Кирил Макаровски**

**Општина Свети Николе**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дејан Владев**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Бр. 0903-60/90
28.11.2023 год.

**Градоначалник на Општина Свети Николе**
тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911
e-mail: info@svetinikole.gov.mk
www.svetinikole.gov.mk

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

**Почитувани даночни обврзници,**

**Со најновите измени во Законот за даноците на имот (Сл.весник на РМ бр.151/21), Ве известуваме дека стапките на данок на недвижен имот(земјоделско земјиште или објекти) кој не се користи од сопственикот или не се издава под закуп подолго од шест месеци во текот на една година се зголемуваат три пати во однос на пропишаната стапка;**

**Исто така, физичките и правни лица кои нема да пријават дека користат недвижен имот кој е во нивна сопственост ќе платат данок по стапка пет пати повисока од пропишаната стапка.**

**Рокот за пријавување на недвижен имот кој не се користи е заклучно со 31.01.2024 година.**

**Со пријавата се приложуваат докази и тоа изјава за користење на имотот заверена кај нотар, односно заверен договор за плодоуживање или заверен договор за закуп.**

**Даночната пријава и изјава-образец може да се подигнат во канцеларијата за едношалтерско работење при Општина Свети Николе и се поднесуваат секој работен ден од 7.30 часот до 15.30 часот.**

**28.11.2023 година, Свети Николе**

Изработил: Надица Тодорова
Контролирал: Светлана Михаиловска
Одобрил: Кирил Макаровски

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник**

**Дејан Владев**